**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Тринаесетото продолжение на Сто и четвратата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 6 јуни 2002 година**

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше потпретседателот на Собранието на РМ , г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме по 104-та седница на Собранието на РМ.

Г-динот Стојан Андов ме извести дека од опревдани причини не ќе може да учествува во работата на Собранието.

Ќе продолжиме по точката 11.По амандманската расправа присутни се нивните предлагачи.

Одлуката по амандманите ќе се донесе со гласање, од кога за тоа ќе се исполнат условите за одлучувањето.

Отворам претрес по амандман на член 2, став 1, за додавање нова алинеја 5, по алинејата 4 , поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Како што најавив за амандманот ќе одлучуваме кога ќе се создадат потребните услови. Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на член 3 поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлох

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Како што најавив за амандманот ќе одлучуваме кога ќе се создадат потребните услови.

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3 точка 1, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Како што најавив за амандманот ќе одлучуваме кога ќе се создадат потребните услови.

Отворам претрес по амандманот на членот 4 , став 3 , точка 2 поднесен од пратеникот Никола Поповкси.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Како што најавив за амандманот ќе одлучуваме кога ќе се создадат потребните услови.

Отворам претрес по амандманот на член 4, став 3, точка 3, подесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлси

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Како што најавив за амандманот ќе одлучуваме кога ќе се создадат потребните услови.

Отворам претрес по амандманот на член 5, став 1, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Како што најавив за амандманот ќе одлучуваме кога ќе се создадат потребните услови.

Отворам претрес по амандманот на член 8, став 1, за менување на уводната реченица, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Како што најавив за амандманот ќе одлучуваме кога ќе се создадат потребните услови.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 9, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Како што најавив за амандманот ќе одлучуваме кога ќе се создадат потребните услови.

Отворам претрес по амандманот на член 10, за додавање нов став 6, по ставот 5, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог.

**ПЕТАР ДУЈБАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Како што најавив за амандманот ќе одлучуваме кога ќе се создадат потребните услови.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 11, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по овој предлог

**ПЕТАР ДУЈБАНОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот .

Како што најавив за амандманот ќе одлучуваме кога ќе се создадат потребните услови.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлог на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот, а истиот ќе биде ставен на гласање, откако Собранието ќе се произнесе по дадените амандмани.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, сметам дека е направена повреда на Деловникот. Не можеме да заклучиме, бидејќи пратениците врз основа на тоа дали е усвоен амандманот или не, ќе водат расправа по текстот.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам, приговорот се прифаќа бидејќи јас кога се изјаснив констатирав дека направив исчекор .

Значи, останува претресот по текстот на Предлогот на законот, треба да се заврши по одлуките по амандманите.

За да немаме празен од ќе продолжиме по точката 14 - Предлог за донесување на закон за ратификација на заклучоците и Договорот за репрограмирање меѓу Владата на РМ и Јапонската банка за меѓународна соработка, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

(реакции од место на пратениците)

Г-да пратеници помалку нервоза. Имено, едно е јасно дека Владата има претставник. Немојте да се врзуваме за една работа. Кој ќе биде претставник, таа може да определи. Што е спорно?

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, вие сте должни да го почитувате законот за Влада, Деловникот на Собранието и немојте да давате произволни заклучоци, бидејќи сте преседавач. Вам ви е многу јасно и добро познато дека претставник на Владата,

согласно Законот за Влада и Деловникот е оној кој Владата го определила.

Во дадениот случај по овој закон претставници од Владата се: Слободан Чашуле, Бесник Фетаи и Аљоша Беговски. Нема никаква пречка ако Владата достави писмо , или ако има доставено писмо дека заменикот министер за финансии е претставник и по овој закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам колега Гештаковски. Говориме за точката 14. Се вели претставници од Владата се Слободан Чашуле, Никола Груевски, Мухамед Халили и Петар Дуљанов. Читајте, јасно е напишано. Незнам дали сега треба да имаме процедурални работи.

Продолжуваме.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и за заклучокот ќе се произнесеме подоцна.

Г-да пратеници, секој момент го очекуваме министерот Груевски и со неговото доаѓаше ќе продолжиме со работа по другите закони, бидејќи нема претставник од Владата.

Предлагам пауза од 15 минути, за да можеме да ги обезбедиме останатите претставници од Владата.

(По паузата седницата продолжи во 13,00 часот)

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на закон (точка 12 од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговски друштва, со Предлог на закон.

Молам,кој бара збор?

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата.

Еден добар дел од мојата дискусија го реализирав во претходната фаза, односно тогаш кога се отвори расправата по овој закон која се прекина заради неприсуство на претставник на Владата и оттаму ценам дека она што тогаш го кажав не би било во ред сега да го повторувам, туку да продолжам онаму каде што тогаш застанав.

Имено, во нашата држава со имплементација на меѓународното законодавство и во сверата на законите кои ја третираат и оваа проблематика, и тоа не само во еден закон туку во повеќе закони, а во конкретниот случај станува збор за Законот за трговски друштва, по препорака како што спомнав на меѓународните институции е воведено звањето "овластен сметководител - ревизор" единствено звање во согласност со препораките на меѓународните институции, меѓу кои се вбројува и препораката од светската банка, која ја има добиено и министерот за финансии. Оттаму, во интерес на имплементација на тие законски препораки, се направија одредени измени во нашето законодавство, кои овој Парламент во овој состав ќе ги донесе и кои точно се однесуваат на воведување на звањето овластен сметководител и времетраењето на вршењето на ревизорските работи од страна на овластениот ревизор врз основа на добиеното привремено уверение од Министерството за финансии.

Имено, во членот 718-ѓ од Законот за трговски друштва, кој што сеуште е во сила, пишува дека одредбите од членовите 546-б и 546-г од овој закон ќе се применуваат до 31 декември 2001 година, додека пак во членот 546-б и 546-ѓ точно се пропишува постапката за стекнување на звање овластен ревизор, сметководител - ревизор.

Во членот 546-б е предвидено дека испитот за стекнување на звање овластен сметководител - ревизор се полага пред Комисија формиран од страна на Советот на овластени сметководители - ревизори, која делува како самостоен орган во состав на Сојузот на сметководители, финансисти и ревизори на Република Македонија, во натамошниот текст советот.

Тоа значи дека овој став 1 кој е и костурот на членот 546-б со измените кои беа донесени се предвидуваше да се примени од 31 декември 2001 година. Сега сме месец јуни. Тоа значи дека овој член не е имплементиран во нашето национално законодавство. Тоа значи дека во Македонија ревизорските работи ги извршуваат ревизори кои се стекнале во една претходна постапка со добиени привремени решенија за обавување на ревизорска дејност. Но ако се погледне законот за ревизија, во члено 38, последниот став од тој закон се вели:

"Врз основа на привременото уверение од ставот 3 на овој член овластениот ревизор може да врши ревизија најдоцна до 31 декември 1999 година", што

значи дека врз основа на привремено добиено уверение за вршење на ревизорска дејност правото на важност на тоа привремено уверение е до 31 декември, а во меѓувреме со измените на Законот за трговски друштва ќе се стекнува звање ревизор, овластен сметководител ревизор од 31 декемви 2001 година па натаму. Значи, цели две години во Република Македонија се обавува ревизорска дејност врз база на непостоечки законски подлоги.Тоа значи дека две години функцкјата ревизор се обавува врз база на неважечки уверенија, а секој економист и секој кој што има допирни точки со оваа проблематика од севкупните економски односи во Република Македонија знае дека местото и улогата на ревизорот се многу значајни во завршувањето на процесот на изработка и контрола и ревизија на завршните сметки, и не само на завршните сметки, туку и на други дејанија кои се пропишани со закон за кои имаат овластување да ги обавуваат ревизорите. Значи ли тоа дека и завршните сметки на сите правни лица кој се изготвени, а кои се ревидирани од овластени ревизори, се невалидни, бидејќи поминало времетраењето на важноста на добиените привремени решенија за обавување на дејноста ревизор.

Тоа укажува на една сериозна ситуација, во Република Македонија, која свесно или несвесно, една специфична област или специфична професија која што има поширок назив - сметководствена професија, се довела во еден заложнички статус во однос на државата и дека сите професионалци кои ја обавуваат оваа дејност, а кои немаат легитимитет да ја обавуваат, со оглед на тоа дека е престанат рокот на важење на привремените решенија, се доведени во една трауматична состојба, а професионалната организација која што е надлежна според член 546-6 е доведена во состојба на дезорганизираност и без какво и да било влијание врз своите членови, односно дали и по нејзина вина или пак заради присутната појава сите работи да се концентрираат како центар на моќ во лицето на една персона во областа на финансиите во Република Македонија, претставуваме од министерот за финансии, и оваа професија заради таквата желба на министерот за финансии станува жртва на околностите. Уште повеќе кога морам и овој пат овде да напоменам дека оваа професија односно потесниот поим од оваа професија ревизори се многу важни или ревизорските куќи, како што се предлага со еден друг закон кој е ставен на дневен ред на 106-та седница на Собранието, за проценка за примените донации, кредити и намената и целесообразноста на трошењето на срсдствата, особено од донаторската конференција. Во услови кога ги немаме нив, кога тие не се легитимни во Република Македонија, станува јасно дека отежнат е процесот на добиваше на пари од донаторската конференција, проблематизиран е од донаторите бидејќи во Република Македонија нема легитимни ревизори, бидејќи престанале нивните решенија освен овие 9 кои што се сега стекнати пред неколку месеци и кои имаат право на обавување на таа дејност и заради тоа Република Македонија, која што многу очекуваше од донаторската конференција која што доби доста од меѓународната заедница во вид на донации и кредити за санирање на состојбите предизвикани од воените дејствија, заради ова и заради ваквиот однос кон оваа проблематика да биде отежнат процесот на добивање на таквите средства.

Почитувани пратеници, јас мислам дека со намера е создаден овој хаос и заради тоа имаме различни ставови во однос на оваа проблематика и од самото Министерство за финансии, имаме конфронтации од професионален аспект од овој проблем и од самото Министерство за финансии што дополнително укажува на тоа дека со намера се создава хаос во оваа сфера за да може и понатаму да продолжи практиката која и кон оваа проблематика е изградена во последните три години, моќта да биде концентрирана во рацете на министерот.

Долго размислував како може врз основа на сега понудените законски проекти, со кои се прави обид да се создаде ред во оваа сфера, врз основа на мој удел од аспект на поднесување амандмани да придонесам како да се ублажи состојбата во оваа сфера, но и заради тоа во една прилика поднесов два амандмани кои ќе ги повлечам на оваа седница, и двата амандмани при амандманската расправа, затоа што сметам дека и со тие мои амаднмани, заради толку лошо поставената состојба во оваа сфера од страна на законодавецот односно предлагачот на законот, и со тие амандмани неможе да се поправи она што сметав дека треба да се поправи. Едноставно се пушта водата да тече понатаму, се маргинализира асоцијацијата во која се здружуваат сметководителите и ревизорите, се создаваат повеќе асоцијации од пипава страна, така што ценам дака ола што се предлага со законот за изменување и

дополнување на Законот за ревизија,со кои измени ние ќе се соочиме на 106-та седница, само се пролонгира рокот на важење на тогаш добиените привремени, а не се поставува проблемот на вистински начин, односно Министерството за финансии да се дистанцира од издавање на сертификати за овластени сметководители - ревизори и тоа да се лоцира кај институција, асоцијација, како сакате сватете ја, која ќе биде професионална и која на таков начин ќе го спроведува целиот тек за добивање на сертификат за обавување на звањето ревизори.

На овој начин сметам дека треба да ја дополнам мојата дискусија која и тогаш беше подолга. Се надевам дека ја предочив или ја прикажав накратко состојбата која е присутна во оваа сфера, ги лоцирав причините и причинителите за таквата состојба и оттаму мислам дека со оваа моја дискусија, ако не да помогнам кон законско дообликување, сакав пред присутните пратеници да дадам презентација во врска со она што е присутни во оваа сфера.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никрј друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Ги молам оние кои се во ходникот нека влезат бидејќи сме на граница на присутност за одлучување.

Имаме 56 пратеници внатре, ве молам да влезете во салата.

Молам колеги да не излегувате сега кога треба да се гласа. Колеги, треба да гласаме, ве молам не излегувате, еден влегува двајца излегуваат.

Ги молам колегите, да влезат недостасуваат уште двајца да гласаме.

Ги молам стручните служби да ги пребројат присутните во салата.

(Стручната служба ги пребројува присутните пратеници во салата).

Бидејќи вака се доведува во прашаже и гласањето давам пауза до 15,00 часот кога ќе пристапиме кон гласањето.

Пауза до 15,00 часот. (Пауза од 13,20 до 15,35 часот)

Ги молам колегите кои не се влезеви во салата да влезат да можеме да продолжиме со работа, бидејќи треба да се гласа.

Ги молам колегите надвор од салата да влезат. Ги молам колегите да влезат во салата бидејќи ќе треба да се гласа.

Очигледно дека кворум немаме, доаѓаме до 55-56 пратеници, ја прекинувам седницата, а продолжуваме утре во 12,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,35 часот).